**Мартин Илиевски**[1]

# ЕДНАКВОСТА НА ОРУЖЈАТА КАКО ПРАВЕН ПРИНЦИП ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА И НЕГОВАТА ПРИМЕНА ВО МАКЕДОНСКОТО КРИВИЧНО ПРАВО

**1.02 Прегледна научна статија**

**УДК 343.121.4:343.3/.7(497.7)**
**УДК 343.121.4:341.24**

**Апстракт**

Начелото „еднаквост на оружјата“ претставува темелен столб за фер судење, чија вистинска примена во македонската кривична постапка останува проблематична. Иако законската рамка нуди формални гаранции за рамноправност меѓу странките, податоците на Државниот завод за статистика за 2024 година покажуваат дека 89,1 % од обвинетите полнолетни лица и 82,2 % од обвинетите малолетници се огласени за кривично одговорни. Овие показатели го отвораат прашањето за реалната можност одбраната да дејствува како активен процесен субјект.

Истовремено, од двегодишното активно следење на судските постапки произлегува дека адвокатите ретко ги користат своите овластувања за самостојно спроведување истражни дејства. Тие често се ограничуваат на минимални активности без квалитетна подготовка и анализа. Таквиот пристап го нарушува процесниот баланс и ја ослабнува веродостојноста на одбраната, што индиректно придонесува за висока стапка на осудителни пресуди. Заклучокот упатува дека без поголема професионална одговорност и активна улога на адвокатите, начелото „еднаквост на оружјата“ ќе остане само формална декларација, а правичноста ќе остане недостижен идеал.

**Клучни зборови:** *еднаквост на оружјата; правично судење; процесни гаранции; кривична постапка; одбрана*.

[1] Авторот е магистер по казнено право, овластен судски набљудувач, 2024–2025, во Коалицијата „Сите за правично судење“ – Скопје. Член на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија.

## Вовед

*„Можноста за изразување на мислењата и аргументите на странките, шансата да се презентира сопствената теорија на случајот е силен факт во доживувањето на процедуралната правда.“ (Калајџиев, Г., 2004, Правична постапка, докторска дисертација, стр. 76.)*

Правната култура ја одразува зрелоста на правниот систем и начинот на кој тој ја разбира својата функција во општеството. Таа се мери преку степенот на професионализам, начинот на кој се применува законот и односот кон процесната правичност. Кога во правосудството постои развиена култура на одговорност и знаење, секој закон добива своја вистинска смисла во практиката. Законот тогаш се гледа како жив механизам што овозможува рамноправно постапување и гради доверба во правосудниот поредок.

Начелото *aequalitas armorum* го разоткрива вистинското лице на правната култура. Преку него се испитува дали постои рамнотежа меѓу обвинителството и одбраната, дали доказите се достапни до двете страни и дали судот постапува непристрасно и со образложени одлуки. Односот кон ова начело покажува дали постапката навистина ја почитува правичноста или само ја одржува во формална смисла.

## 1. Историски развој на начелото „еднаквост на оружјата“ и неговата имплементација во современата кривична постапка

Еднаквоста на оружјата, во својата срж, потекнува од античките правни и филозофски размислувања за правдата и рационалното судење. Христијанскиот мислител Свети Августин го формулирал како *audi alteram partem* – „слушни ја и другата страна“,[2] израз што го прифатиле и римските правници, меѓу кои Сенека, кој уште во тоа време потенцирал дека дури и обвинетите за најтешки дела мора да бидат ислушани пред да им се пресуди.[3] Овој принцип уште тогаш се темелел врз идејата дека праведноста може да постои само доколку секоја страна има можност да биде сослушана, но и да ја изнесе својата одбрана.[4]

---

[2] Kelly, J. M. (1964). *Audi alteram partem: Note*. *Natural Law Forum*, Paper 84. University of Notre Dame.
[3] Seneca the Elder. (ca. 37 CE). *Controversiae* (Exc. 6.10).
[4] Ibid.

Современиот развој на овој концепт се поврзува со еволуцијата во сферата на правичното судење што денес е утврдено во најважните меѓународни акти за човековите права, како што се Универзалната декларација за човекови права (член 10)[5], Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (член 14)[6] и Европската конвенција за човекови права (член 6)[7]. Иако терминот „еднаквост на оружјата" не е изречно наведен, неговото јадро е вградено во гаранциите за процесна рамноправност и заштита на одбраната, бидејќи само преку обезбедување еднакви можности за обвинетото лице се спречува надмоќ на обвинителството и се гарантира вистинска правичност на постапката, особено имајќи го предвид принципот *onus probandi*, според кој товарот на докажување паѓа на обвинителството, а не на одбраната.[8]

*Aequalitas armorum*[9] се применува во сите современи кривични постапки, иако дел од правната доктрина, особено француската, предлага поадекватен израз – „баланс меѓу правата на странките" (*équilibre des droits des parties*).[10] Независно од употребениот термин, значењето останува непроменето, бидејќи ниту една страна не смее да биде доведена во процесна нерамнотежа, а, во спротивен случај, постапката ги губи својот праведен карактер и својата основна цел, која подразбира правично водење на кривичната постапка, при што никој невин не смее да биде осуден, а сторителот на кривичното дело треба да биде санкциониран согласно условите утврдени во Кривичниот законик и врз основа на законито спроведена постапка.[11]

Современото поимање на правично судење се темели врз претпоставката дека секоја странка мора да има реална и ефективна можност да ја оспори доказната сила на материјалот што го презентира спротивната страна и да придонесе во процесот за формирање на судското убедување под исти услови. Оваа рамка на правична расправа се

[5] *Universal Declaration of Human Rights* (1948), Art. 10.
[6] *International Covenant on Civil and Political Rights* (1966), Art. 14.
[7] *European Convention on Human Rights* (1950), Art. 6.
[8] Маркоски, А. (2015). *Нов ЗКП – бирократската тромавост на органите на кривичниот прогон наспроти агилноста на обраната*. Македонска ревија за казнено право и криминологија, 22(1). http://maclc.mk/Upload/Documents/Aleksandar%20Markoski.pdf.
[9] „Еднаквост на оружјата".
[10] Toma, E. (2011). *The principle of equality of arms – part of the right to a fair trial*. International Law Review. https://internationallawreview.eu/fisiere/pdf/06-Elisa-Toma.pdf.
[11] Закон за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018) член 1 (Цел на Законот). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 2/2016 од 28 септември 2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 193/2016.

заснова врз начелото на контрадикторност, според кое судењето мора да биде жива размена на аргументи и докази достапни и познати за сите учесници во постапката.[12]

Еднаквоста на оружјата во европскиот правен простор е конкретизирана преку неколку значајни директиви на Европската Унија што ја зајакнуваат процесната положба на обвинетите. Меѓу нив се издвојуваат:

- *Директивата 2012/13/ЕУ* за правото на информирање во кривичните постапки, која обезбедува транспарентност и навремено известување за обвинението и доказите[13];
- *Директивата 2013/48/ЕУ* за правото на пристап до адвокат, со која се гарантира ефективна правна помош и присуство на бранител во сите фази на постапката[14];
- *Директивата 2016/343/ЕУ* има цел да го зајакне начелото на пресумпција на невиност и да го гарантира правото обвинетото лице да присуствува и да учествува во судскиот процес, воспоставувајќи стандард според кој обвинетиот се третира во согласност со начелото *praesumptio innocentiae* сè додека судот не утврди вина, при што се обезбедува рамноправност меѓу обвинителството и одбраната.[15]

Оттука произлегува потребата да се анализира судската практика на Европскиот суд за човекови права, кој овие процесни начела ги претвора во јасни стандарди за правично судење.

## 2. Судската практика на Европскиот суд за човекови права и нејзиното влијание врз кривичноправна рамка

Судската практика на Европскиот суд за човекови права го утврдила историскиот развој и ја развила оваа доктрина преку низа пресуди што ја обликуваат неговата материја. Во предметот ***Neumeister v. Austria (1968)***, Судот утврдил дека правото на правично судење бара од странките да имаат еднаков пристап до материјалите што влијаат врз исходот на

[12] Khalilov, F. Y. (2021). *Equality of arms and adversarial criminal procedure*. *RUDN Journal of Law*. The Justice Academy of the Ministry of Justice of the Azerbaijan Republic. https://journals.rudn.ru/law/article/view/27220.

[13] European Parliament & Council of the European Union. (2012, May 22). *Directive 2012/13/EU on the right to information in criminal proceedings* (OJ L 142/1). https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2012/13/oj/eng.

[14] European Parliament & Council of the European Union. (2013, October 22). Directive 2013/48/EU on the right of access to a lawyer in criminal proceedings and in European arrest warrant proceedings (OJ L 294/1). https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2013/48/oj/eng.

[15] European Parliament & Council of the European Union. (2016, March 9). *Directive (EU) 2016/343 on the strengthening of certain aspects of the presumption of innocence and of the right to be present at the trial in criminal proceedings* (OJ L 65/1). https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2016/343/oj/eng.

постапката.[16] Во пресудата ***Dombo Beheer B.V. v. Netherlands (1993)***, Судот изречно нагласил дека секоја страна мора да има можност да ја изложи својата позиција под услови што не ја ставаат во понеповолна положба во однос на спротивната страна.[17] Во случајот ***Edwards v. United Kingdom (1992)***, Судот оценил дека недоставувањето докази од обвинителството до одбраната претставува повреда на членот 6, став 1 од Конвенцијата, бидејќи ја нарушува процесната рамнотежа и ја компромитира правичноста на постапката.[18] Во предметот ***Miladinov and Others v. The Former Yugoslav Republic of Macedonia (2014)***, Европскиот суд за човекови права утврдил дека кога судот одлучува за продолжување на мерката притвор без присуство на обвинетите и нивните бранители, а притоа одбраната не е запознаена со поднесоците од јавниот обвинител, ниту, пак, има можност да се изјасни за нив, се нарушува правото на контрадикторна постапка и процесната рамноправност меѓу странките. Судот оценил дека ваквото постапување претставува повреда на член 5, в.в. ставови 3 и 4 од Европската конвенција за човекови права.[19]

Сличен став Судот зазел и во поновата пресуда ***Vasilevski v. North Macedonia (2024)***, каде што утврдил дека недоставувањето на поднесоците од јавниот обвинител до одбраната при разгледување жалба против решението за притвор претставува повреда на еднаквоста на оружјата, бидејќи таквото постапување го нарушува контрадикторниот карактер на постапката и ја доведува во прашање нејзината правичност.[20]

Во друг предмет против Македонија, ***Stoimenov v. the former Yugoslav Republic of Macedonia (2007)***, Судот јасно и недвосмислено наведува дека правичноста на постапката подразбира еднаков пристап на странките до доказните средства и можност одбраната рамноправно да се спротивстави на вештачењата предложени од обвинителството. Судот нагласил дека правичноста на постапката бара обвинетиот да има реална можност да ангажира стручни лица (вештаци или технички советници) и да го предложи нивното вештачење во доказната постапка, со цел да ги оспори наодите и вештачењата изготвени по барање на обвинителството во рамките на процесната рамноправност меѓу странките.[21]

[16] Neumeister v. Austria, App. no. 1936/63 (ECHR, 27 June 1968).
[17] Dombo Beheer B.V. v. the Netherlands, App. no. 14448/88 (ECHR, 27 October 1993).
[18] Edwards v. the United Kingdom, App. no. 13071/87 (ECHR, 16 December 1992).
[19] Miladinov and Others v. The Former Yugoslav Republic of Macedonia, Apps. nos. 46398/09, 50570/09 and 50576/09 (24 April 2014).
[20] Vasilevski v. North Macedonia, App. no. 27509/18 (ECHR, 16 January 2024).
[21] Stoimenov v. the former Yugoslav Republic of Macedonia, App. no. 17995/02 (ECHR, 5 April 2007).

Истата процесна рамка се применува и при испитувањето на сведоците, при што одбраната мора да има можност да им поставува прашања на сведоците што таа ги предложила, но и на оние што се повикани од обвинителството.[22]

Овие пресуди јасно покажуваат дека правичноста не може да се сведе на формална рамноправност, туку бара вистинска и остварлива можност двете страни, под еднакви услови, да учествуваат во сите фази на кривичната постапка, почнувајќи од истражните дејства, преку изведувањето и оценувањето на доказите, па сè до донесувањето на правосилната судска одлука и користењето редовни и вонредни правни лекови. Кога ќе бидат исцрпени сите домашни правни средства, обвинетиот има право да побара заштита пред Европскиот суд за човекови права, со цел да се обезбеди целосна процесна рамноправност и доследно почитување на правото за правично судење, гарантирано преку членот 6 од Европската конвенција за човекови права.

## 3. Одбраната како чувар на правичноста во кривичната постапка

Во националниот контекст, институтот „еднаквост на оружјата" се одразува преку законските гаранции содржани во Законот за кривичната постапка и преку практиката на судовите во неговата примена. Неговото значење најјасно се изразува преку воспоставувањето рамнотежа меѓу обвинителството и одбраната, особено преку правото за увид во списите, можноста за изведување и оспорување докази и активно учество во сите фази. Современата процесна поставеност овозможува бранителот да спроведува сопствени истражни активности, со што практично се зацврстува начелото на процесна рамноправност.[23]

Бранителот може, самостојно или преку овластен приватен детектив, да прибира податоци од лица што може да изнесат факти релевантни за одбраната. Доколку е потребно, може да побара писмена изјава, а во случај лицето да одбие да сведочи, има право да побара од јавниот обвинител да го повика и да го испита во негово присуство. При ваквото

[22] Калајџиев., Г., Бужаровска., Г. (2010). *Вкрстено испитување: Прирачник за практичари*. Декември 2010, стр. 57.

[23] Калајџиев, Г., Лажетиќ, Г., Неделкова, Л., Денковска, М., Тромбева, М., Витларов, Т., Јанкуловска, П., и Кадиев, Д. (2018). *Коментар на Законот за кривичната постапка*. Мисија на ОБСЕ во Скопје, стр. 669–678.

испитување, бранителот прв поставува прашања, освен кога станува збор за испитување лице што е осомничено или обвинето во истата постапка.

ЗКП предвидува и можност бранителот да побара пристап до простории што се затворени за јавноста. Ако пристапот биде одбиен, судот може со образложена наредба да дозволи влез и да определи начин на негово спроведување. Понатаму, бранителот има право да бара податоци и известувања од државни институции, јавни претпријатија, општини и приватни правни лица, а тие се должни да постапат во определен рок – „триесет дена“, односно седум дена ако обвинетиот е во притвор. Во случај на непостапување, судијата на претходна постапка може да наложи доставување на податоците и да им изрече парични санкции и глоби на одговорните лица.

Овие решенија овозможуваат воспоставување т.н. „бранителска истрага“, преку која одбраната добива реална можност да ги штити своите интереси рамноправно со обвинителството.[24] Но, домашната теорија укажува дека ефективноста на ваквиот модел во практиката зависи од финансиските и човековите капацитети на одбраната, бидејќи спроведувањето вакви истражни дејства бара значителни ресурси и организациска подготвеност.

Следствено на погоре кажаното, адвокатот Никола Додовски, во трудот „Проблеми во примената на Законот за кривична постапка од аспект на одбраната“, укажува дека практичната примена на законските одредби што се однесуваат на дејствата што може да ги преземе одбраната е оптоварена со многубројни пречки што ја ограничуваат нејзината ефективност. Тој укажува дека при поднесување предлози до јавниот обвинител, како и при презентирање информации и докази во полза на обвинетото лице, адвокатите се соочуваат со тешкотии во воспоставувањето ефикасна комуникација, бидејќи таа најчесто се одвива исклучиво во писмена форма, што предизвикува забавување на постапката и го намалува нејзиниот квалитет токму во периоди кога навремената размена на информации е од особена важност. Отсуството на можност за непосредна размена на информации го ограничува навремениот пристап до докази и го намалува ефектот за квалитетна одбрана, при што адвокатите остануваат зависни од посредничка, административна комуникација со обвинителството. Ваквите околности, според мислењето на Додовски, во прашање ја

---

[24] Калајџиев, Мисоски, Илиќ и Божиновски „Ефективна одбрана во кривичните постапки во Република Македонија“, Фондација Отворено општество – Македонија, 2014, стр. 33–36.

доведуваат фактичката еднаквост на странките и целосната примена на начелото за еднаквост на оружјата,[25] при што секое нарушување на овој баланс, во која било фаза од постапката, ја прави постапката неправедна во целина.[26]

## Заклучок

Сумирајќи ги изнесените сознанија, станува очигледно дека македонската кривична постапка, и покрај законските гаранции и европските стандарди за правично судење, сè уште не обезбедува квалитетна, ефективна и ефикасна рамноправност меѓу учесниците во сите нејзини фази. Практиката на Европскиот суд за човекови права покажува дека формалното постоење на овој принцип не значи негова целосна реализација во домашниот систем, а разликата помеѓу нормативната поставеност и практичната примена се согледува преку конкретните показатели за функционирањето на правосудниот систем.

Имено, податоците на Државниот завод за статистика за 2024 година покажуваат дека од 7 581 обвинето полнолетно лице, 6 755 лица се огласени за кривично одговорни, односно 89,1 %, а кај децата од 14 до 18-годишна возраст, 82,2 % од обвинетите се огласени за кривично одговорни. Таквата стапка, во која ***речиси девет од десет обвинети завршуваат со осудителна пресуда***, отвора сериозно прашање за вистинската примена на начелото еднаквост на оружјата и за реалната состојба на одбраната во македонската кривична постапка.[27]

Овие бројки не смее да се сфатат само како показател за ефикасност на обвинителството, туку како сигнал за потенцијален процесен дисбаланс што се појавува меѓу странките. Од двегодишното следење голем број судски постапки, можам да забележам

---

[25] Додевски, Н. (2018). *Проблеми во примена на Законот за кривична постапка од аспект на одбрана: практични и легислаторни.* Скопје: Адвокатска комора на Република Македонија, https://mba.org.mk/index.php/mk/arhiva-na-informacii/item/580-publikacija-problemi-vo-primenata-na-zkp-od-aspekt-na-odbranata.

[26] Гајдова, Г. (2021/2022). *Улогата на судот во доказната постапка.* Академија на судии и јавни обвинители, https://old.jpacademy.gov.mk/wp56/wp-content/uploads/2021/02/ednalvost-na-oruzhjata-za-19.02.2021-godina-ppt.pdf.

[27] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија. (2024). *Пријавени, обвинети и осудени полнолетни сторители на кривични дела и деца во судир со законот, 2024 година,* https://www.stat.mk/mk/stat/население-и-услови-за-живеење/kriminalitet/пријавени-обвинети-и-осудени-полнолетни-и-деца-сторители-на-кривични-дела/пријавени-обвинети-и-осудени-полнолетни-сторители-на-кривични-дела-и-деца-во-судир-со-законот-2024-година.

дека одбраната, во најголем дел, не го користи своето законско право на спроведување сопствени истражни дејства. Во најчести случаи, адвокатите се ограничуваат на прибирање документи што ги обезбедил обвинетиот, на вештачења што не се темелни, на неформални разговори со сведоци или на минимални подготовки пред расправа, без темелна анализа и без развивање посериозна сопствена истражна постапка, иако Законот за кривичната постапка дава и нуди широки овластувања и постапувања.

Оваа појава создава впечаток дека одбраната, во голем дел, се претвора во формален процесен елемент што само реагира, наместо да дејствува проактивно и аналитички. Таквата состојба ја намалува нејзината доказна тежина, ја ослабува можноста за оспорување на обвинителската теза и индиректно придонесува за висока стапка на осудителни пресуди.

*„Прашањето дали станува збор за неефикасност на одбраната и несериозен пристап кон работат, или, пак, за прекумерна спрега меѓу обвинителството и судот, треба да биде центар на професионална научна расправа.“*

Не може да се занемари впечатокот дека во одредени постапки е присутна институционална наклонетост кон обвинителската страна, при што Судот ја прифаќа нејзината доказна поставеност без доволна критичка оцена. Но, одговорноста не може да се префрли целосно таму. Голем дел од проблемот произлегува и од недоволната професионална подготвеност и од формалистичкиот пристап на дел од адвокатите, кои не го користат потенцијалот што им го дава законот. Кога одбраната не ја гради својата позиција низ самостојна посериозна логика, туку ја прифаќа доказната рамка што ја поставило обвинителството, тогаш исходот е веќе предвидлив.

Довербата во правосудството, која веќе се движи на загрижувачко ниско ниво, не може да се подобри без преиспитување на одговорноста и кај адвокатите. Кога јавноста гледа дека речиси секое обвинение завршува со осудителна пресуда, таа почнува да го доживува Судот како место за потврда на обвинителската верзија, а не како арена на докази и аргументи.

*Токму затоа потребно е да се постават две вистински важни прашања што произлегуваат од ваквата состојба.*

- Првото е дали одбраната навистина ја извршува функцијата што ѝ е доверена како активен заштитник на обвинетото лице, или со својот формален и површен пристап индиректно придонесува за нарушување на правичноста во постапките.

- Второто прашање се однесува на тоа дали дел од адвокатите, потпирајќи се на фактот дека обвинителството има обврска да ја докаже вината надвор од разумно сомневање, премногу лесно и без стратегија влегуваат во процесот, наместо да покажат вистинска правна борба.

Во оваа смисла, совршено се вклопува латинската изрека што има практична вредност во адвокатската работа: „Dolum pugnandum est, dum quis par non est armis“, која во превод значи: „Оној што не е еднаков по сила со оружјето, треба да се бори со итрина.“ Таа мисла симболично го одразува напорот на адвокатот да ја надомести институционалната предност на обвинителството преку знаење, упорност и аргументирана одбрана. Затоа е нужно да се поттикнат професионална свест и етичка одговорност кај сите носители на правосудните функции, меѓу кои судиите, обвинителите и адвокатите, со цел да се овозможи постапка заснована врз правична рамнотежа и заемно почитување. Секој од нив носи дел од одговорноста во однос на тоа дали постапката ќе биде правична и ќе ја оствари целта.

Најголемата обврска паѓа врз адвокатите, кои премногу често се несериозни во своето дејствување. Иако законот им дава јасни процесни инструменти, тие ретко ги користат со знаење, посветеност и дисциплина. Без нивна активна вклученост не може да се очекува ниту рамнотежа во постапките, ниту намалување на огромниот број осудителни пресуди. Токму затоа, секое небрежно постапување во судската сала претставува злоупотреба на доверената одговорност и потценување на човечкиот живот.

*„Кажаното ќе стане појасно кога подетално ја развиваме нашата мисла“ – Аристотел.*[28]

[28] Аристотел, Реторика, ТНИД Ѓурѓа, Скопје, 2010, стр. 21.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Аристотел. 2010. *Реторика*. Скопје: ТНИД Ѓурѓа.

Vasilevski v. North Macedonia. App. no. 27509/18. ECHR, 16 January 2024.

Гајдова, Гордана. 2021/2022. *Улогата кај судот во доказната постапка*. Академија на судии и јавни обвинители. Достапно на: https://old.jpacademy.gov.mk/wp56/wp-content/uploads/2021/02/ednalvost-na-oruzhjata-za-19.02.2021-godina-ppt.pdf.

Додевски, Никола. 2018. *Проблеми во примена на Законот за кривична постапка од аспект кај одбрана: практични и легислаторни*. Скопје: Адвокатска комора кај Република Македонија. Достапно на: https://mba.org.mk/index.php/mk/arhiva-na-informacii/item/580-publikacija-problemi-vo-primenata-na-zkp-od-aspekt-na-odbranata.

Dombo Beheer B.V. v. the Netherlands. App. no. 14448/88. ECHR, 27 October 1993.

Државен завод за статистика на Република Северна Македонија. 2024. *Пријавени, обвинети и осудени полнолетни сторители кај кривични дела и деца во судир со законот, 2024 година*. Достапно на: https://www.stat.mk/mk/stat/население-и-услови-за-живеење/kriminalitet/пријавени-обвинети-и-осудени-полнолетни-и-деца-сторители-на-кривични-дела/пријавени-обвинети-и-осудени-полнолетни-сторители-на-кривични-дела-и-деца-во-судир-со-законот-2024-година.

Edwards v. the United Kingdom. App. no. 13071/87. ECHR, 16 December 1992.

European Convention on Human Rights. 1950. Art. 6.

European Parliament and Council of the European Union. 2012. *Directive 2012/13/EU on the Right to Information in Criminal Proceedings* (OJ L 142/1). Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2012/13/oj/eng.

European Parliament and Council of the European Union. 2013. *Directive 2013/48/EU on the Right of Access to a Lawyer in Criminal Proceedings and in European Arrest Warrant Proceedings* (OJ L 294/1). Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2013/48/oj/eng.

European Parliament and Council of the European Union. 2016. *Directive (EU) 2016/343 on the Strengthening of Certain Aspects of the Presumption of Innocence and of the Right to Be Present at the Trial in Criminal Proceedings* (OJ L 65/1). Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2016/343/oj/eng.

International Covenant on Civil and Political Rights. 1966. Art. 14.

Khalilov, F. Y. 2021. “Equality of Arms and Adversarial Criminal Procedure.” *RUDN Journal of Law*. The Justice Academy of the Ministry of Justice of the Azerbaijan Republic. Достапно на: https://journals.rudn.ru/law/article/view/27220.

Kelly, J. M. 1964. "*Audi Alteram Partem*: Note." *Natural Law Forum*, Paper 84. University of Notre Dame.

Калајџиев, Г. и Бужаровска, Г., 2010. *Вкрстено испитување: Прирачник за практичари*, декември 2010 г.

Калајџиев, Г., Лажетиќ, Г., Неделкова, Л., Денковска, М., Тромбева, М., Витларов, Т., Јанкуловска, П., и Кадиев, Д. 2018. *Коментар кај Законот за кривичната постапка*. Мисија кај ОБСЕ во Скопје.

Калајџиев, Мисоски, Илиќ и Божиновски. 2014. *Ефективна одбрана во кривичните постапки во Република Македонија*. Фондација Отворено општество – Македонија.

Маркоски, Александар. 2015. „Нов ЗКП бирократската тромавост кај органите во кривичен прогон наспроти агилност кај одбраната", *Македонска ревија за казнено право и криминологија*. Достапно на: http://maclc.mk/Upload/Documents/Aleksandar%20Markoski.pdf

Miladinov and Others v. The Former Yugoslav Republic of Macedonia. Apps. nos. 46398/09, 50570/09 and 50576/09. 24 April 2014.

Neumeister v. Austria. App. no. 1936/63. ECHR, 27 June 1968.

Seneca the Elder. ca. 37 CE. *Controversiae* (Exc. 6.10).

Stoimenov v. the former Yugoslav Republic of Macedonia. App. no. 17995/02. ECHR, 5 April 2007.

Toma, Elisa. 2011. "The Principle of Equality of Arms Part of the Right to a Fair Trial." *International Law Review*. Достапно на: https://internationallawreview.eu/fisiere/pdf/06-Elisa-Toma.pdf.

Universal Declaration of Human Rights. 1948. Art. 10.

Закон за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018) член 1 (Цел на Законот).

**Martin Ilievski**[29]

# THE EQUALITY OF ARMS AS A LEGAL PRINCIPLE IN CRIMINAL PROCEDURE AND ITS APPLICATION IN MACEDONIAN CRIMINAL LAW

**Abstract**

The principle of *equality of arms* represents a foundational guarantee of a fair trial, yet its genuine implementation within the Macedonian criminal procedure remains markedly fragile. Although the statutory framework provides formal assurances of procedural balance between the parties, data published by the State Statistical Office for the year 2024 indicate that 89.1 percent of accused adults and 82.2 percent of accused juveniles are declared criminally liable. These figures raise a substantive question regarding the actual capacity of the defence to act as an active procedural participant.

At the same time, two consecutive years of direct monitoring of judicial proceedings reveal that defence attorneys rarely employ their legally conferred authorisations to conduct investigative actions independently. They frequently confine their engagement to basic procedural steps executed without adequate preparation or analysis. Such a restrained approach disrupts the procedural equilibrium and weakens the credibility of the defence, indirectly contributing to the persistently high rate of convictions. The overall conclusion suggests that without heightened professional responsibility and a more proactive stance by defence attorneys, the principle of "*equality of arms*" will remain a merely declaratory concept, while the aspiration toward genuine fairness in criminal adjudication will continue to be elusive.

**Keywords:** *equality of arms; fair trial; procedural safeguards; criminal procedure; defence.*

---

[29] The author holds a Master's degree in Criminal Law and serves as an accredited trial monitor for the period 2024–2025 within the Coalition "All for Fair Trials" – Skopje. Member of the Association for Criminal Law and Criminology of Macedonia.